совет за етика во
медиумите на македонија

21.01.2016

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на ЈЗУЗД Велес за текстот "Брза помош во Велес превезува – профит!", објавен на ден 23.11.2015 година во 19 часот и 30 минути, на интернет порталот Plusinfo.mk**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3 и 4.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk      0038923222595

Член 3.

*"Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата."*

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 27.11.2015 година, ЈЗДЗД Велес поднесе жалба за текстот "Брза помош во Велес превезува – профит!", објавен на ден 23.11.2015 година во 19 часот и 30 минути, на интернет порталот Plusinfo.mk.

Во жалбата се наведува дека со објавениот текст се шират лаги и дезинформација во јавноста. Притоа е потенцирано дека „со непрофесионалното однесување на медиумот се нарушува угледот на Јавната здравствена установа, а особено на службата за итна медицинска помош". Во продолжение на жалбата се вели дека „со непрофесионалното однесување на медиумот се наштетува на угледот на целиот здравствен систем и се предизвикува непотребен револт кај населението и кај вработените во итната медицинска помош".

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Плусинфо, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 22.12.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот ЈЗДЗД Велес и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека во текстот "Брза помош во Велес превезува – профит!", објавен на ден 23.11.2015 година во 19 часот и 30 минути, на интернет порталот Plusinfo.mk,

прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството. Затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 3 од Кодексот, односно не е обезбеден одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата, туку само е забележано отстранување на текстот од интернет – порталот. Генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на Интернет, а доколку тој се измени или тргне тоа мора да биде јасно назначено.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот текст прекршен е член 4 според кој новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание треба да се обрне во ситуации кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат ексклузивни информации. Во тие случаи особено е потребно да се проверат мотивите на доставувачот на информацијата. Доколку новинарот се согласил на анонимност на изворот, тој мора да обезбеди редакцијата тоа и да го почитува, но пожелно е најмалку еден уредник да го знае вистинскиот идентитет на анонимниот извор.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Сефер Тахири.

**Се обврзува интернет порталот Plusinfo.mk во согласност со членот 18. од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје


Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595